**БИОГРАФИЈА**

Гордана Несторовска е родена 1968 година во Скопје. Дипломирала во 1992 година на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје. Од 1997 година е вработена во ООУ „Јоаким Крчоски„ во Волково, Скопје како училишен психолог.

Во 2009 година специјализирала училишна психологија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј„ а во 2012 година стекнува звање системски семеен советник.

Во периодот од 2020 година до 2024 година е член на Етички одбор, Секција за образование и наука и член на Координативно тело за прва психолошка помош при катастрофи во Комора на психолози. Реализира волонтерски активности организирани од Комора на психолози: ППП и психо-социјална поддршка на ученици и наставен кадар во училиштата по катастрофалниот пожар во Кочани (2025), ППП на членови на спасувачки тимови по трагичниот земјотрес во Р. Турција (2023), ППП на пожарникари и помагачи во справување со трагичните пожари во Кочани (2022).

Има посетувано бројни обуки, семинари и тренинзи. Посетува и обуки организирани од Комора на психолози: „Тренинг за тренери за прва психолошка помош во случај на катастофа“ (2017) и Тренинг за дебрифинг ( 2021, 2023).

Реализатор е на обуки за стручни соработници од основни и средни училишта. Учествува во проекти за УНИЦЕФ, БРО и МОН. Во моментов е член на У.О. на Комора на психолози.